Врз основа на член 20 став 3 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021), Државната комисија за спречување на корупцијата, на 56 седница одржана на 10.12.2021 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЗАПИСНИКОТ ОД ОСТВАРЕН КОНТАКТ СО ЦЕЛ ЛОБИРАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за Записникот од остварен контакт со цел лобирање.

**Член 2**

Записникот од остварен контакт со цел лобирање ги содржи следните податоци:

- име, презиме и работно место на лицето кај кое се лобира;
- име и презиме на лобистот, односно назив на лоби организацијата и име и презиме на претставникот на лоби организацијата;
- број и датум на решението за запишување во Регистарот за лобисти, лоби организации и лобирање;
- област на лобирање;
- предмет на дискусија, односно цел на лобирањето, со краток опис;
- податоци за нарачателот на лобирањето и
- датумот, местото и начинот на остварување на контактот со цел лобирање.

Записникот од став 1 на овој член е во електронска форма и лицето кај кое се лобира го потпишува истиот со електронски потпис.

**Член 3**

Формата и содржината на образецот за Записникот од остварен контакт со цел лобирање е даден во прилог на овој правилник и е составен дел од истиот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се отпочне да се применува од денот на отпочнување на примената на Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021).

бр. 02-6448/3
10.12.2021 година
Скопје

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Билјана Ивановска, претседател

**ПРИЛОГ**

# З А П И С Н И К
# ОД ОСТВАРЕН КОНТАКТ СО ЦЕЛ ЛОБИРАЊЕ

Контактот со цел лобирање е остварен на ден ____________________ година,
датум
во ______________________________.
место

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕТО КАЈ КОЕ СЕ ЛОБИРА

| | |
|---|---|
| име и презиме | |
| работно место | |
| назив на органот кај кој се лобира | |
| адреса на органот кај кој се лобира (улица, број, град, поштенски код) | |

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ЛОБИСТОТ/ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА

| | |
|---|---|
| име и презиме на лобистот/ претставникот на лоби организацијата | |
| Назив на лоби организацијата | |
| број и датум на решението за запишување во Регистарот | |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА НАРАЧАТЕЛОТ НА ЛОБИРАЊЕТО

| | |
|---|---|
| име и презиме на физичко лице/ назив на правно лице | |
| адреса на живеалиште на физичко лице/ адреса на седиште на правно лице (улица, број, град, поштенски код) | |

## 4. ОБЛАСТ НА ЛОБИРАЊЕ

______________________________________________________________

______________________________________________________________

## 5. ПРЕДМЕТ НА ДИСКУСИЈА – ЦЕЛ НА ЛОБИРАЊЕ

Да се наведе законот, подзаконскиот акт, друг општ акт, политика, програма, поднесени документи и друго: ________________________________________

## 6. КРАТОК ОПИС

______________________________________________________________

______________________________________________________________

## 7. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА КОНТАКТОТ СО ЦЕЛ ЛОБИРАЊЕ

- лично ☐ - по телефон ☐ - преку е-пошта ☐
- преку пошта ☐ - преку факс ☐ - друго (наведете како) ☐

____________________________

**Напомена: Во полето со знак Х означете на кој начин е остварен контактот**

## 8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЛОБИСТОТ/ПРЕТСТАВНИКОТ НА ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА

- Однапред е извршена проверка дали лобистот/претставникот на лоби организацијата е запишан во Регистарот ..........................................................ДА/НЕ
- Лобистот/претставникот на лоби организацијата се идентификуваше со документ за идентификација ..........................................................................................ДА/НЕ
- Лобистот/претставникот на лоби организацијата приложи полномошно од нарачателот на лобирањето за да ги застапува неговите интереси при вршење на лобирањето ..........................................................................................................ДА/НЕ
- Лобистот ја наведе целта на вршење на конкретното лобирање .................ДА/НЕ

**Напомена: Одговорете со ДА или НЕ, подвлечете го точниот одговор**

## 9. ПРИЛОЗИ

Наведете ги сите документи кои лобистот/претставникот на лоби организацијата ги достави до Вас

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## 10. ЗАБЕЛЕШКИ

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## 11. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Со потпишувањето на овој записник потврдувам дека при остварувањето на контактот со цел лобирање не бев ставен во состојба на судир на интереси.

* * *

Со потпишување на овој записник потврдувам дека наведените податоци се вистинити и точни.

Примерок од овој записник во електронска форма ќе биде доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 8 дена од денот на остварувањето на контактот со цел лобирање.

име и презиме
на лицето кај кое се лобирало

______________________ ______________________

место и датум потпис